**Стручни рад**
**УДК:316.624:794.9-053.6**
**ДОИ:10.7251/ZCMZ0123480S**

# ВЛИЈАНИЕТО НА СЕМЕЈСТВОТО И УЧИЛИШТЕТО ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА СПОРТСКОТО КЛАДЕЊЕ КАЈ МЛАДИТЕ

***Др Драган Стефановски[331]***
***СЕПУГС„Васил Антевски Дрен“-Скопје***

***Апстракт:*** *Практикувањето на современото урбано живеење кај младите подразбира и подобар социоекономски статус кај истите. Економската криза со која со децении се соочува населението во Р. Македонија, доведе до дополнително раслојување на населението од кое како најзагрозена е средношколската популација. Во овој контекст се појавуваат најразлични форми низ кои младите се обидуваат да дојдат до средства преку кои соодветно ќе се реализираат. Во трудот кој претставува теоретско емпириска студија, вниманието го насочувам на феноменот хазард и спортско обложување меѓу средношколската популација, од аспект на детектирање на оваа девијантна појава, согледувајќи ја можноста за нејзино попречување од страна на семејството и училиштето. Ќе одговориме на прашањето дали во обложувањето лежи инстиктот за брзо богатење, или пак истото се доживува како забава, пополнување на слободното време и начин на социјализација со своите врсници, надминувајќи ја така општествената изолираност, социјална исклученост како и кризата на идентитет. Ќе се обидеме да одговориме колку семејството, и училиштето преку својот образовен курикулум може да одговори на предизвикот што значи заштита на младиот човек од девијантната појава детектирана во спортското кладење и слични на него обложувања. Воедно, дали дислокацијата на спортските обложувалници на соодветна оддалеченост од образовните установи, позитивно ќе се одрази на правилното трасирање на патот на креативна млада личност.*

***Клучни зборови:*** *социо-економски статус, девијации, спортско кладење, криза на идентитет, училиште*

## *Вовед*

Деценискoто траење на транзицијата, како и економски кризи на глобален и локален план, војните кризи во регионот и пошироко, битно влијаеа на промена на социоекономската положба на секој поединец во земјата, како и до асцелерирање на општествената стратификација, зголемувајќи ја така разликата помеѓу општествените слоеви. Вакавата диспропорција видлива е и помеѓу адолесцентската, средношколска популација. Немањето на доволно финансии кај дел од младите ја буди идеата за изнаоѓање на алтернативен начин да се дојде до саканото. Во овој контекст дел од учениците се оддаваат кон спортското обложување но и кон други форми на коцка, често мотивирани од рекламите за спортско обложување особено присутни во електронски медиуми, а во кои се појавуваат филмски, естрадни и спортски ѕвезди.

Во криминолошката и социолошката литература наидуваме на повеќе дефиниции за хазард/коцкањето. Во буквална смисла: „ коцкањето значи игра на среќа заради стекнување добивка, а во која всушност немаат никаква улога. Меѓутоа, во практиката терминот се користи многу пошироко“ (Маршал,2004: 232).

[331] draganstefanovski@hotmail.com

Од друга страна Хелстром во својата дефиниција за коцкање вели: „ Коцкањето е онлајн или офлајн активност која вклучува обложување со пари на исходот на некој одреден настан“ (Hellstrom, 2015:17).

Адолесцентите кои доволно не навлегле во тајните на хазардот, и не се свесни за можните последиците од истиот, се повеќе се свртуваат кон поедноставни форми кои ги гледаат во спортското обложување или во слот машините.

„Како општествена девијација коцкањето ги опфаќа сите форми на организирано и комерцијализирано коцкање, кое го контролираат луѓе и организации кои исклучиво се бават со коцкање и се наоѓаат под контрола на организиран криминалитет, како и различни форми на професионално коцкање на помали групи или поединци“(Špadijer-Džinić u Nikolić-Ristanović&Konstntinović-Vilić 2018: 386).

Кај младите инволвирани во спортското обложување се појавуваат низа проблеми од социо-економска но и психолошка природа, што дополнително ја поттикнува потребата од превентивно делување на институциите вклучени во образовниот процес. Истиве проблеми се детектирани во повеќе сегменти, а пред се во недоволна концентрација, изостанување од настава, манифестирање на одредени фрустрации, маргинализирање и изолирање. Во овој контекст за надминување на овие проблеми битна е улогата на педагошко психолошките служби, но и компетенциите со кои располага наставниот кадар, особено на планот на детектирање и превенција.

Брзата еволуција на информатичката технологија иницира видливи промени во секој сегмент на општествено живеење. Покрај позитивните придобивки истата донесе и дополните можности за стекнување на одредена зависност. Во овој контекст мислам и на можноста за онлајн коцкањето.

„Експанзијата на он лајн коцкањето им даде можност на луѓето да се коцкаат во било кое време и на било кое место, и единствено барање е имање на уред кој им овозможува интернет конекција. Онлајн коцкарските активности вклучуваат неколку ризик фактори, високиот континиум, високата фрекфенција со повеќе обезбедени кругови на повеќекратно коцкање на неколку различни игри во исто време...; (Hellstrom, 2015:17-18).

Во емпирискиот дел од трудот го детектираме проблемот на феноменот спортско обложување и останати форми на коцкање на адолесцентите/ средношколци кои учествуваат во истото и проблемите со кои се соочуваат.

## *Историски развој на хазарот и спортските обложувања*

Во стручната литература наидуваме на податоци кои говорат за хазар игрите низ историјата.Така во древна Кина постоела играта веи-чеи, уште во 2300 година пред н.е. И староегипетската цивилизација не е имуна на комарот, а првите траги на забрана се поврзуваат со неусогласеноста со тогашните верски постулати. Комарот е широко распространета појава и во Стар Рим, а омилена забава била на повеќе римски императори. Постојат податоци дека Англискиот крал Ричард први како и францускиот крал Филип втори Огист се обиделе нормативно да ги ограничат износите, како и лицата на кои им е дозволено играње комар. Станува збор за лица со благородничко потекло.

Во 17 и 18от век постепено се отвораат државни лотарии во Франција, Холандија и Германија, а во 1769 државна лотарија организира и Англија. Во овој период карактеристично било што собраните приходи особено од Лотаријата во Холандија и Германија биле користени за доброволни цели, додека во Англија ваквите средства се користеле за развој на културата.

Комарот, не е заобиколен ни во грчката митологија. Имено во еден мит за Зевс и божицата Тиха, се вели дека нивната керка во Пантеон била задолжена за смислување на нови хазардни игри а со цел поттикнување на луѓето да се оддаваат кон нив. Една нејзина улога била луѓето кои го губеле имотот на комар да ги наведува на самоубиство. Комарот, вклучувајќи најразлични форми на истиот често е инволвиран со низа инкриминирани дејствија( вршење на кривични дела, измами, врсничко насилство, безделничење, вагабонтажа).

### *Улогата на наставникот во превенција на спортското обложување кај адолесцентите*

Современиот начин на живеење, од секој поединец бара максимална ангажираност, за кое е потребно и соодветно доусовршување. Во тој контекст и од самиот наставник се бара соодветна компентентност односно владеење со проблемот со кој може да се соочи во воспитно образовниот процес. Спортското обложување станува соодветен тренд не само кај адолесцентите, туку и меѓу децата. Укажувањето на овој проблем, на неговата штетност е битен сегмент во превентивното делување.

„Даниел Големан познат автор од областа на компетенциите, посебно внимание посветува на емоционалните и социјалните компетенции каде што прави поделба на самосвест, саморегулација и мотивација. Истиот социјалните компетенции ги дели во две групи: емпатија свест за чувства, потреба и грижа, социјални способности, и адаптибилност“ (Бранковић 2011:3 у Мацановић 2018 :23-24). Клучните компетенции се предуслов за адекватниот личен став, во животот, работата и подоцнежното учење. „Воспитувачите треба да знаат да се носат со стресот и фрустрациите, да разликуваат лична од професионална сфера. Важно е да ги познаваат основните концепти кои се однесуваат на поединците, групите, недискриминацијата, општеството и културата“ (Мацановић 2018: 28). Брзото темпо на живеење налага од наставникот како главна алка во образовниот процес будно следење на евентуалните промени кои настануваат кај ученикот како би можело благовремено да се превенира.Ова особено се однесува на проблемот со врсничкото насилство, но и сите форми на зависност кои се се поприсутни.

### *Прашањето на спортското обложување и останатите форми на хазард во македонските пишани интернет медиуми*

Во контекстот на теоретско-емпириската студија и креирањето на реалната перцепција за општествениот феномен спортско обложување, вниманието го насочуваме кон начинот на кој македонските печатини медиуми известуваат и ја креираат перцепцијата за истиот. За таа цел применивме фрекфентна анализа на содржина. Во анализата се интегрирани текстови објавени на интеренет порталите на најтиражните весници во Р. Македонија. Истата анализа е поделена на три групи на текстови објавени во периодот Април 2020/ 2023 год.

Табела Бр. 1 Интернет порталите на дневните весници: Вечер, Нова Македонија и Слободен печат и известувањето за општествениот феномен спортско обложување и останати форми на хазард

| Портал | Адолесцентите и спортското обложување и останати форми на хазард и зависноста од нив | Спортските обложувалници и законските рамки на игрите на среќа | Ставовите на политички партии за спортските обложувалници и останати форми на хазард | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Вечер | 10 | 17 | 7 | 34 |
| Нова Македонија | 2 | 7 | 1 | 10 |
| Слободен печат | 4 | 9 | 3 | 16 |
| Вкупно | 16 | 23 | 11 | 60 |

Како и за мноштвото други општествени феномени, така и за спортското обложување, се пишува само во ситуација во која се детектирани случаи на обложување и коцкање на малолетни лица, и на истиот проблем ретко се приоѓа истражувачки. Во наведениот периодот, на оваа тема објавени се 60 текстови, од кои најголемиот број се сврзани со обложувалници и законските рамки за игрите на среќа 23 натписи, објавени се 16 наслови за адолесцентите,

спортското обложување и останати форми на хазард, и зависноста од нив, како и 11 наслови за ставовите на политичките партии за спортското обложување.

Видливо е дека текстовите во наведените медиуми се слични и истите опфаќаат неколку теми, а пред се: загриженост на политички партии и здруженија за големиот број на обложувалници и казина во урбани средини и штетното влијание што истите го имаат врз младите, рефлексиите на сопствениците на обложувалници и казина за покренатата иницијатива за новиот Предлог закон за спортско обложување. Воедно присутни се наслови за забрана на спортските обложувалници во Албанија, во кои се појаснува што се добива, а што се губи со истата. Посебно внимание привлекуваат текстовите во кои се наметнува прашањето, дали и зашто спортските обложувалници би требало да се дислоцираат на оддалеченост од најмалку 3 км од образовните центри и верските објекти . Во дел од нив се спомнува дека големиот прилив на средства кои доаѓа во буџетот, не треба да биде приоритет, ако се знае дека обложувањето и хазарот остава длабоки последици како на поединецот, така и на семејството и пошироката заедница.

Дека и Р. Македонија може да се вброи во земјите во регионот во кои е присутно спортското обложување и воопшто хазарот, говори податокот дека Министерството за финансии има издадено 28 лиценци за автомат клубови, 8 за спортски обложувалници и 6 за казина, а со една лиценца може да се поседуваат до 25 обложувалници.

## *Резултати од емпириското истражување*

Општествениот феномен хазард во мноштвото од негови форми меѓу кои и обложувањето на спортски натпревари е најзастапена форма помеѓу адолесцентската популација, која претставува сериозен проблем во секое општество. За потребите на социолошката студија во текот на Февруари, март и април 2023 година беше реализирано емпириско истражување, на територијата на град Скопје при што беа анкетирани 300 испитаници.

Од податоците добиени од истото се креира реалната перцпеција на проблемот со спортското обложување и останати форми на хазард и креирањето на зависност кај дел од адолесцентите. Анализата ќе ја започнам со утврдување на влијанието кое го остварува процесот на образование и неговиот импакт во борбата на третирање и сузбивање на спортското обложување помеѓу средношколците. Истата ќе биде надоградена со податоци за влијанието на семејството и семејните вредности на појавата на спортско обложување, како и последиците со кои се соочуват инволвирањето на средношколците во спортското обложување и нивно соочување со појава на социјална исклученост. Бампас вели една единствена „верзија“ на семејство не постои. Институцијата семејство се наоѓа во континуиран процес на транзиција. во осумдессетите години само 3/5 од сите деца живееле во едноставни семејства(Томпсон & Бинам 2014:230). Првиот сегмент од анализата на емпириските податоци е насочен кон еден од круцијалните општествени елементи процесот на образование од чија функционалност во голема мера зависи еквилибриумот на едно општество.

Табела Бр 2. Оддавањето на спортско обложување и останати форми на коцкање претставува резултат на недостатокот од курикулум во наставната програма како и превентивни предавања во рамките на средните училишта за опасноста од креирање зависност

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | Целосно се согласувам | 57 | 19.0 | 19.0 | 19.0 |
| | Се согласувам | 117 | 39.0 | 39.0 | 58.0 |
| | Немам мислење | 68 | 22.7 | 22.7 | 80.7 |
| | Не се согласувам | 58 | 19.3 | 19.3 | 100.0 |
| | Total | 300 | 100.0 | 100.0 | |

Извор:Емпириско истражување

Од анализата на овој дел, и од добиените податоци од емпририсикото истражување може да констатираме дека евидентен е недостатокот на наставен курикулум во контекст на посочување на негативните ефекти на хазарот, спортското обложување, но и други форми на зависност, кои негативно влијаат во креирање на позитивно градење на младата личност.
Отсуството на превентивни предавања ја намалуваат можноста од превенирање на овој негативен општествен феномен . Во овој контекст 58% се согласуваат и целосно се согласуваат со ставот, додека 19,3% не се согласуваат со истиот, а 22,7% немаат мислење по ставот.Учениците кои ги посетуваат спортските обложувалници, во најчест случај постигнуваат послаб успех, бележат одсуство во наставата и истите делуваат незаинтересирано. Со наведениот став целосно се согласуваат 34,7%, се согласуваат 37%, а не се согласуваат 9,3%.

Табела Бр 3. Губењето на традиционалните семејни вредности и општествени норми помеѓу средношколската популација влијае на зголемување на бројот на средношколска популација/ адолесценти кои се одаваат спортско обложување

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | Целосно се согласувам | 118 | 39.3 | 39.3 | 39.3 |
| | Се согласувам | 137 | 45.7 | 45.7 | 85.0 |
| | Немам мислење | 18 | 6.0 | 6.0 | 91.0 |
| | Не се согласувам | 27 | 9.0 | 9.0 | 100.0 |
| | Total | 300 | 100.0 | 100.0 | |

Извор:Емпириско истражување

Брзите глобални процеси доведоа до промени во секој сегмент во општеството а посебно во семејството. Се дојде до бледнеење на базичните семејни вредности, особено на релација родител дете. Недоволната социјална комуникација, доведува до недоволна контрола на слободното време кое го користат младите кои, често „некреативно' го пополнуваат со игри и обложувања, кои знаат да преминат и во зависност. .

Табела Бр 4 Отсуството на подршка од семејството го иницира проблемот со спортското обложување и останати видови на коцкање помеѓу средношколците

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | Целосно се согласувам | 94 | 31.3 | 31.3 | 31.3 |
| | Се согласувам | 167 | 55.7 | 55.7 | 87.0 |
| | Немам мислење | 30 | 10.0 | 10.0 | 97.0 |
| | Не се согласувам | 9 | 3.0 | 3.0 | 100.0 |
| | Total | 300 | 100.0 | 100.0 | |

Извор: Емпириско истражување

Отсуството на семејна поддршка, внимание и разбирање за децата средношколци, придонесува кај дел од нив да креираат различни форми на девијантно поведение помеѓу кои и оддавањето на спортско обложување и други форми на коцкање. Анализата на добиените податоци укажува дека 31,3% целосно се согласува со ставот, 55,7% се согласуваат, немаат мислење 10%, а 3% не се согласуваат со ставот.

Кај дел од средношколците постои размислување дека нивните врсници кои се впуштаат во било каква форма на хазард, истото често го прават поради „разбивање на момотонија" и досада која ја доживуваат од образовната програма.

Табела Бр 5. Врсничките групи влијаат на ширење на супкултурата на спортското-обложување помеѓу средношколската популација

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | Целосно се согласувам | 103 | 34.3 | 34.3 | 34.3 |
| | Се согласувам | 161 | 53.7 | 53.7 | 88.0 |
| | Не се согласувам | 36 | 12.0 | 12.0 | 100.0 |
| | Total | 300 | 100.0 | 100.0 | |

Извор Емпириско истражување.

Во овој дел од анализата треба да се истакне дека и врсничките групи остваруваат сериозен импакт на ширењето на супкултурарта на спортско обложување помеѓу средношколската популација. Неизбежна е и социјалната изолација на учениците инволвирани во спортското обложување и останати форми на коцкање, во рамки на класовите како и училиштето. Видлива е појавата на меѓусебно дружење како резултат на в заемен интерес, „консултација за резултати“, но и на одбележување и социјалната изолација на овие ученици од останатите.

Табела Бр.6 Лошата социо-економска состојба и недостаток на финансиски средства за остварување на посакуваниот начин на живот влијае на оддавање на спортско обложување

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | Целосно се согласувам | 153 | 51.0 | 51.0 | 51.0 |
| | Се согласувам | 101 | 33.7 | 33.7 | 84.7 |
| | Немам мислење | 18 | 6.0 | 6.0 | 90.7 |
| | Не се согласувам | 19 | 6.3 | 6.3 | 97.0 |
| | Воопшто не се согласувам | 9 | 3.0 | 3.0 | 100.0 |
| | Total | 300 | 100.0 | 100.0 | |

Извор:Емпириско истражување.

Несомнено е и влијанието на социо-економската состојба на семејствата на адолесцентите за нивно инволвирање во спортското обложување и други форми на социјалната патологија. Значаен дел од средношколската популација не е во можност да го практикува посакуваниот начин на живот. За таа цел се бараат најразлични алтернативни решенија, а дел од нив особено од машката популација „излезот го гледа“ во спортското обложување. Во овој контекст 51% целосно се согласува со ставот, 33,7% се согласуваат, 6% не се согласуваат, додека 3% воопшто не се согласуваат со истиот.

Табела Бр 7.Рекламите на спортските обложувалници за време на спортски преноси дополнително го иницира спортското обложување помеѓу средношколците адолесцентите.

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | Целосно се согласувам | 124 | 41.3 | 41.3 | 41.3 |
| | Се согласувам | 128 | 42.7 | 42.7 | 84.0 |
| | Немам мислење | 27 | 9.0 | 9.0 | 93.0 |
| | Не се согласувам | 21 | 7.0 | 7.0 | 100.0 |
| | Total | 300 | 100.0 | 100.0 | |

Извор:Емпириско истражување.

Појавата на спортско обложување и останати форми на хазард помеѓу средношколците дополнително се иницира од страна на рекламите за спортски обложувалници и казина особено

за време на спортските преноси. Во истите се вклучени познати спортисти, естрадни уметници и глумци, кои како магнет, ги привлекуваат адолесцентите и тие да подадат рака за спортско обложување. Младите сметаат дека спортот го разбираат повеќе од возрасните, но не расудуваат за можни калкулации, местење на резултати и слично.Системот на спортско кладење може да се каже дека е глобален ланец. Појавата на спортско обложување дополнително се иницира од страна на рекламите за спортски обложувалници и казина за време на спортските преноси на специјализираните канали за спорт. Со наведениов став се сложуваат 84% немаат мислење 9% од анкетираните. додека 7% не се сложуваат со ставот.

### *Заклучок:*

Процесот на глобализација, и брзиот технолошки развој, како и информатичката технологија, придонесе децата, а пред се адолесцентите да бидат изложени на бројни ризици како во реалниот, така и во виртуелниот свет. Брзото темпо на живеење доведе до поголемо отуѓување детектирано пред се во основната општествена клетка семејството, а местото на родителот се повеќе го заземе врсникот, улицата, некоја музичка или филмска ѕвезда, која како магнет го привлекува вниманието на адолесцентот. Денес младите многу рано зацртуваат цели, се борат за свој идентитет, градат свои ставови, не почитуваат авторитети. Во таа смисла адолесцентот наидува на лепеза од мерки кои го оддалечуваат од образовниот процес. како младите стануваат „свесни“ за негативниот приод од страна на врсниците, но и стручните вработени се продлабочува нивната отуѓеност и истите се повеќе се оддаваат на најразлични форми на деликвенција. Истражувањето го потврди нашиот став дека покрај улогата на родителите, битно место зазема и училиштето од аспект на преземање на мерки за превенција на сите форми на ризично однесување како и работа со ученици во ризик. Во спортското обложување учествуваат слабо, но и добро ситуирани ученици, со слаб, но и со одличен успех.Токму тука лежи сериозноста на проблемот.Затоа потребно е особена компетентност на сите лица вклучени во образовниот и социјалниот систем. Ниту еден ученик во училиштето не треба да доживува фрустрации, понижувања и неправди. Се наметнува потребата за почест разговор за ризиците од зависничкото однесување во кој секако дека спаѓа и хазарот и спортско обложување. Општ е впечатокот дека меѓу жителите на Скопје постои мислење дека присуството на обложувалници во урбаните средини е огромно и дека треба да се најде решение, истите да се дислоцираат од близина на училишта и верски објекти.

### *Библиографија*


Derevensky, J. & MCGill, R .(2002).*The prevention of Gambling Problems in Youth :A Conceptual Framework.* Article *in* Journal of Gambling Studies ,Vol 18,No.2.· February 2002.

Hellstrom, C. (2015). *Adolescent Gaming and Gambling in Relation on Negative Social Consequences and Health.* Uppsala: Acta Universitatis Upsaliensis.

Маршал, Г. (2004).*Оксфордски речник по социологија.* Скопје: МИ-АН.

Мацановић, Н. & Дукић, Г. (2018). *Компетенциије васпитача у пеналним установама.*Бања Лука: Центар Модерних Знања – Бања Лука.

Milutinović, M.(1976). *Kriminologija sa osnovima kriminalne politike i penologije.*Beograd :Savremena Administracija.

Nikolić-Ristanović, V. & Konstntinović-Vilić, S. (2018). *Kriminologija.*Beograd:Izdavačko-grafičko preduzeće „Prometej“.

Сулејманов, З & Стојановски, Н. (2002). *Социјална патологија.* Скопје:Филозофвски факултет -Скопје.

Томсон, В & Бинам, Џ. (2014). *Малолетничка деликвенција-Социолошки пристап.* Скопје: Ламина.

# *The influence of the family and educational system on betting prevention in young people*

***PhD. Dragan Stefanovski***
***Independent Researcher***

**Abstract:** *The practice of modern urban living among young people implies improvement in theirs' socioeconomic status. The economic crisis that the population of R. Macedonia has been facing for decades led to theirs further stratification and most endangered are the youngsters in High School. In this context, the young people in our country are searching for variety of forms that will bring to them a realization of their long dreamt goal which is getting rich quickly. In the paper i.e. a theoretical empirical study, I focus on the phenomenon of gambling and sports betting among the high school population, focusing on detecting of this deviant phenomenon, considering its obstruction by the family and school. Our purpose in the paper is answering the question of whether the instinct to get rich quickly lies in betting, or it is perceived as entertainment, filling free time, a way of socializing with peers, thus overcoming social isolation, exclusion and identity crisis. Families and school impact through its educational curriculum regarding protecting the young person from the deviant phenomenon detected in sports betting and other forms of betting it is been taken in consideration. The paper is also discussing the issue of dislocating the sports betting shops at a suitable distance from educational institutions and whether it effects positively tracing the path of a creative young person.*

**Keywords:** *socio-economic status, deviance, sports betting, identity crisis, school*